Република Македонија
Министерство за финансии
Бр.____________
__.__._____ година
С к о п ј е

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот: Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа**

ЕПП.бр._____:

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:**

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
**ДА**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
**Материјалот за се разгледа на првата наредна седница**

**Карактер на материјалот:**
- слободен пристап

**Итност на материјалот: ДА**

**Прилог:**
- **Предлог закон**
- Меморандум
- Образец за фискални импликации

**Дата на доставување на материјалот:**
___.___. _________ година

**ПОТПИС:**

**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии**

**Република Македонија**

**Министерство за финансии**

**М Е М О Р А Н Д У М**

**НАСЛОВ: ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**

**ПОТПИС:**

**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада**
**и Министер за финансии**

**Скопје, 2014**

**1.Осврт по материјалот:**

Причина поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа произлегува од усогласување на Законот за Царинската управа и Законот за административни службеници.
Имено, со последните измени на Законот за Царинска управа (Службен весник на Република Македонија број 43/2014) е предвидено класификација на работни места на царински службеници по категории. Во овие категории беа класифицирани постојните работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа. Но при повторна проверка на овие класификации на работните место се утврди потребата за поинакво класифицирање на одредени работни места во друго ниво на категории.
Предложената измена која е направена во делот на потребното работно искуство со која додадено е и работното искуство во струката, се наметнува од потребата која Царинската управа ја има за распоредување и прераспоредување на царинските службеници, а која произлегува од Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници.
Овие дополнувања и изменувања се во согласност и со донесената Уредба за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници објавена во Службен весник на Република Македонија број 72/14 која претставува основа за утврдување на описите на работите и задачите на работните места во актите за систематизација на работни места.
Се предлага средствата од надоместоците од услугите на граничните премини за кои се наплатува надоместок како и од закупнините од деловниот и рекламниот простор да бидат приход на Царинската управа.

**2. Разгледани можни решенија (за – против аргументи): ____________________________________________________________________________________________________________________________________________**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации : - ____________________________________________________________________________________________________________________________________________**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош: НЕ**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита од конкуренцијата за компатибилноста на државната помош: НЕ**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со Законодавството на Европската Унија (во прилог) НЕ**
**6.Усогласеност со превземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:__________________________________________________________________________________________________________**

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
- Усвојување на Предлог законот

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат: <u>НЕ</u>**

**9. Очекувани влијанија:**

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
**ДА**

**11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:**
**ДА**

**12.Клучни информации за информирање на јавноста:**

***ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ***

| | | |
|---|---|---|
| 1) Назив на предлогот<br><br>Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за царинската управа | 2) Министерство/орган на државна управа:<br><br>Министерство за финансии | |
| 3) Цел на предлогот: Усвојување на Предлог законот | 4) Вид на предлог: Предлог закон | |
| 5) Контакт лице и звање:<br><br>Анета Димовска, раководител на сектор | 6) Контакт тел./факс или е-пошта:<br><br>тел. 3 106 681 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7) Активност: | | | |
| 8) Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| 9) Цел на барањето/предложена активност: | | | |
| 10) Врска со владината програма: | | | |

| 11) Фискални импликации: | (илјади денари)<br>Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четврта год. |
|---|---|---|---|---|
| Вкупни трошоци за предлогот | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б) | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д) | | | | |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | 10000 | 35000 | 35000 | 35000 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор:<br>___________________________ | | | | |
| 12) Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13) Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | | | | |
| 14) Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение. | | | | |
| 15) Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16) Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17) Дата на добивање одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18) Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| Одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 19) Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | | |
| 20) Odobreno/дата:<br><br>________________________<br><br>Потпис на државен секретар или директор на орган | __/___/_<br>Ден/месец/ год. | ___________________<br>Зоран Ставрески<br>Заменик претседател на Влада и Министер за финансии | ___/___/<br>Ден/месец/год. | |

ВОВЕД:

I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Причина поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на Република Македонија број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012 и 43/2014) произлегува од усогласување на Законот за Царинската управа и Законот за административни службеници.

Имено, со последните измени на Законот за Царинска управа (Службен весник на Република Македонија број 43/2014) е предвидено класификација на работни места на царински службеници по категории. Во овие категории беа класифицирани постојните работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа. Но при повторна проверка на овие класификации на работните место се утврди потребата за поинакво класифицирање на одредени работни места во друго ниво на категории.

Предложената измена која е направена во делот на потребното работно искуство со која додадено е и работното искуство во струката, се наметнува од потребата која Царинската управа ја има за распоредување и прераспоредување на царинските службеници, а која произлегува од Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници.

Овие дополнувања и изменувања се во согласност и со донесената Уредба за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници објавена во Службен весник на Република Македонија број 72/14 која претставува основа за утврдување на описите на работите и задачите на работните места во актите за систематизација на работни места.

Средствата од надоместоците од услугите на граничните премини за кои се наплатува надоместок како и од закупнините од деловниот и рекламниот простор да бидат приход на Царинската управа.

II) ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА
Предложените изменувања и дополнувања на Законот за Царинската управа имаат за цел од усогласување на Законот за Царинската управа и Законот за административни службеници во делот на класификација на работни места на царински службеници и подобрување на самиот текст на Закното за Царинската управа.

III.) ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија.

IV) ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ

СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот за изменување и дополнување Законот за Царинската управа не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту се пропишуваат материјални обврски за одделни субјекти.

V) СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Имајќи го предвид фактот дека се исполнети условите од член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно дека не се работи за донесување на сложен и обемен закон, се предлага изменувањето на Законот за Царинската управа да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12 и 43/14), во членот 7 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Директорот е надлежен за донесување акти во првостепена управна постапка и оперативни инструкции во писмена форма од обласа на царинското и акцизното работење.“

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Директорот одлучува за вработување, распоредување, суспендирање и престанок на работен однос на вработените во Царинската управа, согласно со одредбите на овој закон.“

Ставот (6) се менува и гласи:

„(6) Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на царински службеници од категории Б и В согласно со закон.“

Член 2

Во членот 8-а во став (2) точка 1) во алинејата 2 бројот „180“ се заменува со бројот „240“, а по зборот „степен“ се става запирка и се додаваат зборовите „или више или средно образование“.

Во точка 2) во алинејата 1 зборот „шест“ се заменува со зборот „четири“, по зборовите „царински работи“ запирката се брише и се додаваат зборовите „или во струката “.

Во алинејата 2 зборот „пет“ се заменува со зборот „три“, а по зборовите „царински работи“ запирката се брише и се додаваат зборовите „или во струката“.

Во алинејата 3 зборот „четири“ се заменува со зборот „три“, по зборовите „царински работи“ сврзникот „и“ се брише и се додаваат зборовите „или во струката и, “.

Во алинејата 4 зборот „четири“ се заменува со зборот „две“, а по зборовите „царински работи “ се додаваат зборовите „или во струката. “.

Во ставот (3) зборот „административниот“ се заменува со зборот „царинскиот“.

Член 3

Во членот 8-б, став (1) во алинејата 1 по зборовите „виш цариник контролор“ се додаваат зборовите „систем инженер“.

Во алинејата 2 зборовите „систем инженер“ се заменуваат со зборовите „виш цариник“.

Во алинејата 3 по зборот „советник“ се додаваат зборовите „и систем инженер администратор“.

Алинејата 4 се менува и гласи:

„- ниво В4, цариник, водич на царински пес, помлад инспектор и инспектор“.

Во ставот (2) во точка 1) алинејата 3 се менува и гласи:

„- за ниво В4 ниво на квалификации више или средно образование“.

Во точка 2) во алинејата 1 по зборот „царински работи“ се додаваат зборовите „или во струката“ а во алинејата 2 по зборовите „царински работи“ се додаваат зборовите „или во струката“.

Во алинејата 3 по зборовите „царински работи“ се додаваат зборовите „или во струката“.
Алинеја 4 се менува и гласи:
„ - за ниво В4 без работно искуство“.
Во ставот (3) зборот „административниот“ се заменува со зборот „царинскиот“.

Член 4

Во членот 8-в во ставот (2) точката 1) се менува и гласи:
„ 1) стручни квалификации за сите нивоа: најмалку вишо или средно образование“.

Член 5

Во членот 49-г, во ставот (5) зборовите „Буџетот на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Царинската управа“.

Член 6

Во членот 55-г, точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „ или со правосилна судска пресуда е осуден за кривично дело во врска со службена должност.“

Член 7

Во членот 56 во ставот (1) втората реченица се менува и гласи: „По истекот на тој период, царинскиот службеник продолжува со работа на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка и работно искуство во Царинската управа, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ во согласност со одредбите од член 55, 55-а, 55-б, 55-в и 55-г на овој закон “.

Член 8

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Царинската управа.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот отпочнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), освен одредбите од член 6 од овој закон, кој ќе отпочне да се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон .

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Причина поради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа (Службен весник на Република Македонија број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012 и 43/2014) произлегува од усогласување на Законот за Царинската управа и Законот за административни службеници.

Имено, со последните измени на Законот за Царинска управа (Службен весник на Република Македонија број 43/2014) е предвидено класификација на работни места на царински службеници по категории. Во овие категории беа класифицирани постојните работни места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Царинската управа. Но при повторна проверка на овие класификации на работните место се утврди потребата за поинакво класифицирање на одредени работни места во друго ниво на категории.

Предложената измена која е направена во делот на потребното работно искуство со која додадено е и работното искуство во струката, се наметнува од потребата која Царинската управа ја има за распоредување и прераспоредување на царинските службеници, а која произлегува од Упатство за ротирање и прераспоредување на царински службеници.

Овие дополнувања и изменувања се во согласност и со донесената Уредба за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници објавена во Службен весник на Република Македонија број 72/14 која претставува основа за утврдување на описите на работите и задачите на работните места во актите за систематизација на работни места.

Средствата од надоместоците од услугите на граничните премини за кои се наплатува надоместок како и од закупнините од деловниот и рекламниот простор да бидат приход на Царинската управа.

Со стапувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа („Службен весник на РМ“ 103/08) со кој управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини е во надлежност на Царинската управа, Царинската управа се соочува со значителни расходи за управување со Граничните премини од една страна, додека пак од друга страна надоместоците кои се остваруваат од работењето на граничните премини не се приход на Царинската управа, односно согласно Законот за изменување на Законот за Царинската управа („Службен весник на РМ“ бр.64/09) надоместоците од граничните премини се приход на Буџетот на Република Македонија.

Со превземање на надлежноста за управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини драстично се зголемија расходите на Царинската управа, од аспект на:

- изградба и реконструкција на објектите на граничните премини;
- инвестиционо и тековно одржување на објектите на граничните премини;
- изградба на деловен простор, колски ваги, паркиралишта, терминали и санитарни јазли;
- уредување на градежното земјиште определено со урбанистичките планови за граничните премини;
- зголемени расходи за плати и надоместоци за нови 175 вработени превземени од ЈПССДП;

- зголемени расходи за 60% за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
- зголемени расходи за потрошен материјал (терминална белешка);
- расходи за одржување на рампи, ваги, агрегати;
- расходи за одржување на хигиената на граничните премини, како и хорти-културно одржување и сл.

Доколку приходите од граничните премини би се третирале како сопствени приходи на Царинската управа истите би можеле да се искористат за покривање на расходите на Царинската управа во поглед на управување со граничните премини, а особено во услови кога Буџетот на Царинската управа е навистина рестриктивен и истиот не ги задоволува основните потреби за тековно функционирање на Царинската управа кои се законски определени.

Во 2012 и 2013 година остварени се приходите од граничните премини во износ од околу 45,00 милиони денари, а во 2014 година истите бележат тренд на намалување, односно заклучно со 20.06.2014 година, остварени се приходи од 17,50 милиони денари, односно до крајот на 2014 година се планира да се остварат приходите од граничните премини во износ од околу 35,00 милиони денари.

Средствата од надоместоците од услугите на граничните премини за кои се наплатува надоместок како и од закупнините од деловниот и рекламниот простор да бидат приход на Царинската управа.

Останатите одредби кои се предложени со овој предлог на закон е подобрување на текстот од номотехнички карактер.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Постојните одредби од Законот за Царинската управа се меѓусебно поврзани Правилник за систематизација на работните места на Царинска управа и Правилникот за организација работа на Царинската управа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за Царинската управа имаат за цел ефикасно и еднообразно спроведување на законските одредби.

*Извод од одредбите што се менуваат*

**Член 7**

(1) Директорот ја претставува Царинската управа.

(2) Директорот е надлежен за донесување оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење.

(3) Директорот е надлежен за донесување акти во првостепена управна постапка и оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење.

(4) Директорот при одлучување во смисла на ставот (3) од овој член треба да обезбеди правична и соодветна застапеност на сите заедници кои живеат во Република Македонија.

(5) Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Царинската управа и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

(6) Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на раководни и стручни царински службеници, согласно со закон.

Член 8-а

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на раководни царински службеници:

- ниво Б1 помошник директор, управник на царинарница, советник на директорот,
- ниво Б2 помошник управник на царинарница и началник на одделение,
- ниво Б3 шеф на царинска испостава и шеф на служба и
- ниво Б4 водител на отсек и водител на смена.

(2) Раководните царински службеници треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и тоа:

- за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-За нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификации VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство и тоа:

- за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство на царински работи,
- за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство на царински работи,
- за нивото Б3 најмалку четири години работно искуство на царински работи и
- за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство на царински работи;

3) општи работни компетенции за сите нивоа категорија Б од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции, и тоа;

- за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место,

- за нивоата Б1 и Б2 познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода; или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат, ТестДаф, на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР (CEFR) и

- за ниноата Б3 и Б4 познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, грацуски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: ИЕЛТС со 3,5 – 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС; или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR).

(3) секој од меѓународно признатите сертификати имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил административниот службеник, а истите административниот службеник може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

**Член 8-б**

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на стручните царински службеници:

- ниво В1 главен инспектор, самостоен советник, виш цариник контролор,
- ниво В2 виш инспектор, систем инженер,
- ниво В3 советник и
- ниво В4 виш цариник, цариник, водич на царински пес, помлад инспектор и инспектор.

(2) Стручните царински службеници, треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации и тоа:

- за нивото В1 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

- за нивоата В2 и В3 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- за нивото В4 ниво на квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 или 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен или најмалку више или средно образование;

2) работно искуство и тоа:

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство на царински работи,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство на царински работи,
- за нивото В3 најмалку една година работно искуство на царински работи и
- за нивото В4 со или без работно искуство на царински работи или во струката;

3) општи работни компетенции: за сите нивоа: категорија В, од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:

- за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и

- за сите нивоа познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат или уверение, и тоа: КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС; или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ; или Гете сертификат на А2 (А2) нивото ЦЕФР (CEFR).

(3) Секој од меѓународно признатите сертификати имаат неограничена временска важност за работното место за чие пополнување ги приложил административниот службеник, а истите административниот службеник може да ги користи при аплицирање на интерен или јавен оглас во рок од пет години од датумот на издавањето и за други работни места освен ако издавачот не предвидел подолг рок на важност.

**Член 8-в**

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на помошно-стручните царински службеници:

- Г1 – оператор,
- Г2 – административен оператор и
- Г3 – техничар за подршка и координација и оператор на ИТ мрежи.

(2) Помошно-стручните царински службеници треба да ги исполнат следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации: за сите новоа: ниво на квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

2) работно искуство и тоа:

- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,

- за нивото Г2 најмалку една година работно искуство на царински работи или во струката,

- за нивото Г3 со или без работно искуство на царински работи или во струката;

3) општи работни компетенции за сите нивоа категорија Г од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:

- за сите нивоа – активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место и

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Член 55-г**

На царинскиот службеник му се откажува договорот за вработување во Царинската управа кога со правосилна судска одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос, му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност поради која не може да врши работи подолго од шест месеци со денот на примена на забраната или кога со правосилна пресуда му е изречена затворска казна повеќе од шест месеци со денот на отпочнување на издржување на затворската казна.

**7. Суспендирање**

**Член 56**

(1) Суспендирањето е привремено отстранување од работа на царинскиот службеник поради причини кои се предвидени со овој член и трае се додека трае и причината за отстранувањето. По истекот на тој период, царинскиот службеник продолжува со работа на своето работно место во Царинската управа, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ во согласност со одредбите од членот 55 на овој закон.

(2) Царинскиот службеник може да биде суспендиран доколку постои основана причина за сомневање дека го злоупотребил своето работно место во Царинската управа и суспензијата ќе трае до завршувањето на дисциплинската постапка.

(3) Царинскиот службеник ќе биде суспендиран доколку му е одреден притвор, од првиот ден на притворот и се додека трае притворот. Доколку кривичната постапка која е покрената против него не е завршена, суспензијата трае до завршувањето на кривичната постапка и/или дисциплинската постапка, доколку е покрената за истото дело.

(4) За времетраење на суспензијата на царинскиот службеник му следува надомест од 50% од основната плата. Во случај на враќање на работа на царинскиот службеник му следува надомест до 100% од основната плата.

(5) решение за суспендирање или враќање на работа на царинскиот службеник ја носи директорот во писмена форма.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член, царинскиот службеник има право на приговор во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Царинската управа до Агенцијата за администрација.

(7) Царинската управа е должна приговорот со пропратните списи да го достави до Агенцијата за администрација најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на приговорот. Приговорот не го задржува извршувањето на решението.

(8) По поднесениот приговор од ставот (6) на овој член Агенцијата за администрација донесува решение во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот со списите од предметот.

(9) Кога не е донесено решение од ставот (8) на овој член или кога царинскиот службеник не е задоволен со решението донесено по приговорот, има право да поведе спор пред надлежниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението или од наредниот ден од истекот на рокот во кој тоа требало да биде донесено.